Здружението на дијабетичари “ЗД МОСТ”-Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси во врска со Дијабетесот (Шекерната болест)

**Член 7**

Здружението на дијабетичари “ЗД МОСТ”-Скопје дејствува на територијата на целата држава , а се организира за подрачјето на град Скопје.  Здружението во своето дејствување може да се проширува на национално ниво и може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во сојузи и асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и Законот и овој Статут.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 8**

МИСИЈА: Здружението на дијабетичари ”ЗД МОСТ”-Скопје е граѓанско здружение чија мисија е подобрување на квалитетот на животот на лицата со дијабетес преку залагање за поквалитетен здравствен сервис за истите, едукација на нивните семејства и подигање на свеста кај граѓаните за дијабетесот, во соработка со сите стратешки партнери и надлежни институции во Македонија.

**ЦЕЛ:**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на здравствен интерес
Здружението  ги застапува и претставува интересите на лицата со дијабетес и влијае врз подобрување на легислативата, здравствените и општествено - социјалните стандарди на истите, како и за еднаков третман на лицата со дијабетес во Скопје.

**Основни цели:**

-Заштита на лицата со дијабетес при остварување на нивните здравствени интереси поврзани со дијабетесот
-Грижа за лицата со дијабетес преку залагање за поквалитетен здравствен сервис на истите
- Подигнување на свеста кај граѓаните за дијабетесот;
- Унапредување на едукацијата, мотивацијата и превенција од дијабетес
-Едукација на семејствата а во соработка со сите стратешки партнери и надлежни институции во земјата.
-Кампања за подигнување на свесноста на матичните лекари за пополнување на регистарот за пациенти со дијабетес,
- Грижа за достапноста на нови терапевски и дијагностички методи
- Учество во стратегијата за јавно здравје на Град Скопје

**Член 9**

Здружението на дијабетичари “ЗД МОСТ”-Скопје своите цели и задачи ги остварува преку утврдена програма за работа, односно преку следните активности:

- заедничка грижа за подобрување на здравствената состојба на луѓето со дијабетес
- поддигнување на свеста кај граѓаните за дијабетесот, преку организирање на предавања и соработка со медиумите за јавно информирање;
- информирање за новите научни и практични достигнување за лекувањето на дијабетесот;

- превземање на соодветни статутарни активности со кои ќе се помогне и потикне достапноста на новите терапевтски и дијаностички методи;

- иницијативи и акции со цел намалување на појава на компликации од дијабетесот и намалување на трошоците за лекување;
- соработка со Клиниката за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, националната комисија за дијабетес, министерство за здравство и сите инситутуции, фондови, компании и субјекти кои учествуваат директно или индиректно во грижата за лицата со дијабетес;
- развивање на волонтерска пракса;
- издавање на печатен материјал;
- акции за спречување на хронични компликации од дијабетесот во согласност со здравствени органзиации;
- организирање трибини, дебати, форуми, работилници, кампањи, јавни расправи и регионални средби за поцелосно и редовно информирање на граѓаните;
- организирање манифестации за подигнување на квалитетот на животот на лицата со дијабетес, - организирање обуки , курсеви, средби и сервиси за потребите на лица со дијабетес и граѓаните;
- организирање настани за прибирање средства и други хуманитарни активности соодветни за остварување на целите на Здружението и кои се во согласност со Законот и Статутот
- застапување за усвојување на законски промени во интерес на лицата со дијабетес;
- соработка со организации кои можат да ги застапуваат интересите на лицата со дијабетес;
- Поттикнување на достапноста на нови терапевски и дијагностички методи
-Организирање обуки,средби и промовирање на нови технологии

**Активности:**

**Член 10**

- Волонтирање - преку промоција и развој на волонтерството
- Промовирање на социјална солидарност
- Следење информации од јавен карактер и медиуми - преку следење на општествената одговорност на медиуми , други јавни информации и активности на медиуми
- Развојна соработка - преку образование и унапредување на здравјето
- Образование - преку едукација за здрав начин на живот
- советување и помош, психосоцијална поддршка
- Физички активности и игри изведени на организиран начин заради промоција здравје и рекреација
- Превентивно дејствување, насоки за унапредување на здравствената состојба на лица со дијабетес
- создавање услови за подобар квалитет на живот за пациенти со дијабетес
- Учество во стратегијата за јавно здравје на Град Скопје;

## Членување

### Член 11

Член на Здружението на дијабетичари “ЗД МОСТ”-Скопје  може да биде секој полнолетен граѓанин, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава. Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување, во согласност со Закон. Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување на лична писмена изјава.

*** Членовите од овој документ се извадок од Статутот на здружението**